**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА .................................................. 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ ..................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ........................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................ 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................. 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.............................................................. 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски ......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ...................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска .......................................................... 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева .............. 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ...................................................................................... 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ....................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

УДК 338.48 (497.7) (036) ″1954/1979″

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954 – 1979 ГОДИНА И НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов**

metodi_cilimanov@yahoo.com
nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

**Клучни зборови:** туристички водич, Охрид, Скопје, Дојран, Македонија.

**Апстракт**

Големата понуда во сферата на туризмот ја носи и сериозната потреба од тоа различните туристички дестинации соодветно да се промовираат. Пишаните туристички водичи се еден важен елемент во таа промоција. Поради својата специфика, тие даваат директна можност на својот медиум да се истакнат освен дескриптивни описи, и конкретни илустрации, фотографии, шеми и нацрти на објектите од важност, што дополнително создаваат соодветна визуелна слика и доживување. Доколку се направени плански, тие, освен добро помагало за туристите, претставуваат и еден важен промотивен материјал. Денес сме сведоци на голема експанзија на туризмот, каде што и информацијата е лесно достапна, а медиумите кои ја предаваат се дигитализирани. Сепак, потребата и постоењето на пишаните туристички водичи е голема, а нивното осмислено формулирање денес е доведено до перфекција. Постојат неколку важни и истакнати компании кои специјализираат пишување на туристички водичи, како што се Брадт (Bradt Travel guides) или Лонли Планет (Lonely Planet), каде што освен нивните дигитални верзии имаат и пишани верзии. Водичите кои ќе ги анализираме се работени од туристички работници и организации, во периодот од ’50-тите до ’70-тите

години на минатиот век. Во нив ги препознаваме едни од првите обиди да се класифицира полезна и потребна информација, за да може потенцијалниот турист да ги препознае местата од интерес и да има едно убаво искуство при посетата.

## Вовед

Доколку се обидеме да дадеме прецизна дефиниција за тоа што точно е туристички водич, тогаш најблиску би можеле да го претставиме како збир на внимателно избрани полезни информации кои би му ја разбудиле желбата на потенцијалниот турист да ја посети земјата и истовремено би му дале прецизни информации за тоа што да посети, како да се движи, каде да престојува, што да јаде и кои се локалните обичаи. На кратко, туристичкиот водич е книга дизајнирана за користење од страна на туристите и посетителите на земјата. Во него треба да има обемна информација околу сместувачките капацитети, ресторaните, превозот и активностите кои посакуваната дестинација ги нуди. Често е вклучена и информација за историјата на земјата како и културното наследство. Во водичите треба да има многу фотографии и мапи, кои можат да бидат од различен тематски карактер, како и мапи на патна инфраструктура до детални мапи на културно-историските споменици и др.

Може да се каже дека потребата од туристичките водичи е стара колку и туризмот како организирана појава. Можеме да заклучиме дека дури и античките писатели, како Херодот, кои и патувале многу низ античкиот свет, вклучиле во своите творби детали кои даваат информација за архитектурата, културата и обичаите на населението од древните простори. Така, Херодот многу детално ги опишува пирамидите во Гиза (тогашен Мемфис), а дава и многу интересни информации за традициите и обичаите на древните Египјани, како и за други народи од Европа, Азија и Африка, познати во тогашниот свет. Археолошки е потврдено дека за древните Елини, Египет бил интересна и посакувана дестинација за посета. Дури и седумте светски чуда на античкиот свет, најпрвин опишани кај поетот Антипатер од Сидон и, пред сѐ кај Филон Византијски, може да се смета за еден специфичен туристички водич кој најпрвин дава интересна и посакувана информација, а чуда. Овој, да го наречеме туристички водич, е толку интересен што и ден-денес одлично си ја врши таа функција и преостанатите светски чуда на античкиот свет, сѐ уште привлекуваат огромен број туристи. Денес популарноста на

оваа класификација е толку голема, што е формирана листа на светски чуда на модерниот свет.

Во денешната дигитална епоха многу е лесно да се дојде до информација. Во Интернет пространството има огромен број сајтови кои нудат и информации за одредени дестинации. Освен тоа, има голем број сајтови кои нудат закуп на сместување, како и рангирање на одредените сместувачки капацитети според свој систем на определување на квалитетот. Сето ова го прави многу полесно индивидуалното организирање на патувањето и правењето на добар и детален план за тоа што и кога би се посетило, секако според личните желби. Сепак, тоа не ја намалува потребата од детални туристички водичи, каде што сета оваа информација е систематизирана и пренесана на начин соодветен за користење од страна на посетителот. Водичите се најчесто пишувани од искусни патувачи, кои имаат длабоко познавање за потребите на самите туристи, а и одлични познавања за земјата за која пишуваат.

Во Република Македонија првите наменски напишани туристички водичи се од почетокот на XX век. Иако уште во времето на Османската Империја, кога Македонија е под нивна управа, неколку патеписци поминале и опишале дел од македонските градови. Во организирана смисла, пишувањето на туристичките водичи се поврзува со организираната дејност – туризмот.

Во темата ќе разгледаме седум туристички водичи, и тоа:

- Туристичкиот водич за Охрид, издаден во 1954 година, од авторите Ристо Кузмановски и Драшко Шаљиќ;
- Туристичкиот водич за Македонија, издаден во 1956 година, од авторите Иван Точко и Александар Минчев;
- Туристичкиот водич за Скопје, издаден во 1965 година од авторот Јован Поповски;
- Туристичкиот водич за Скопје, издаден во 1970 година, од авторот Александар Минчев;
- Туристичкиот водич за Дојран, издаден во 1971 година, од авторите Томе Аризанов и Кирил Андоновски;
- Туристички водич за автокамповите во Дојран, издаден во 1977 година, од ЗИК „Изворски", и
- Туристички водич за Дојран, издаден во 1979 година, од авторот Мито Теменугов – Железни.

Иако можеби не се најстарите и сите прикажани водичи од наведениот период, сепак, овие туристички водичи од денешен аспект може да се сметаат за предвесници на систематското пишување на туристички водичи за градовите, општините, регионите и во целина за Република Македонија.

## Историска позадина и развојот на туризмот во Народна Република Македонија

Народна Република Македонија е претходничка на Социјалистичка Република Македонија.

Основана е на 8-ми март 1946 од страна на Президиумот на Народното Собрание на Демократска Федерална Македонија со закон со кој дотогашното име Демократска Федерална Македонија се менува во Народна Република Македонија. Со доаѓањето на комунистичката власт, македонската економија и стопанство почнуваат коренито да се изменуваат и градат во советскиот социјалистички тип на планирано стопанство. Мерките на колективизација и, во најголем број на случаи, – насилната национализација (одземање на приватната сопственост на земјоделското и останатото земјиште на граѓаните, како и постоечките индустриски капацитети, хотели). Национализацијата претставува чин на одземање на приватното сопствеништво на земјиштето или објектот, работилница, хотел и слично, од страна на државата.

Во исто време започнува и засилена индустријализација на градовите, со што се предизвикува масовен прилив на селско население во градовите. Се започнува со електрификација на градовите и селата, а во овој период на индустријализација се градат и најголемите индустриски капацитети. Договореното стопанство во СР Македонија доаѓа во целосен колапс и пропаст кон крајот на осумдесеттите години на XX век, за целосно да крахира со распадот на СФРЈ кога се губат тогашните сигурни пласмани на производите на македонските претпријатија на пазарот во Југославија. Туризмот како дејност не е исклучок од оваа тенденција. Социјалистичка Федеративна Република Југославија започнала со планско развивање на дејноста туризам, со градење на хотели и одморалишта во голем број дестинации. Сепак, статистички погледнато, Народна Република Македонија (и подоцна Социјалистичка Република Македонија), била во најразрушените републики кои произлегле од Втората светска

војна, а и во текот на развојот на Југославија Македонија е една од републиките со најмал број сместувачки капацитети како и посети од странски и домашни туристи. На Графикон 1 е прикажан бројот на домашни и странски туристи во Југославија, од завршувањето на Втората светска војна, па сѐ до годините на економска криза и подоцнежниот распад на федерацијата.




**Графикон 1.** Бројно движење на домашните и странските туристи во СФР Југославија од 1948 до 1987 година

Забележливо е поголемото присуство и движење на домашни туристи, особено во годините по Втората светска војна. Тоа се должи и на фактот дека во тие години Европа, па и светот, биле економски уништени, поради војната. Истовремено, во рамките на самата Југославија се вршеле строги контроли на влез и излез на лицата кои транзитирале или престојувале во државата. Ова полека се релаксира, па така во седумдесетите години, според Станковиќ (1983, 201) трендот на раст на туризмот е прогласен за национален приоритет, и се вложува многу во креирањето на нови сместувачки капацитети, рекламна пропаганда како и стимулативни мерки за туристичките работници.

Во рамките на федерацијата, статистичките податоци покажуваат дека Социјалистичка Република Македонија била во самото дно според бројот на сместувачки капацитети, а како водечка била Хрватска со огромна предност пред останатите републики. На Графикон 2. е прикажана тенденцијата на посети во Социјалистичка Република Македонија.




**Графикон 2.** Бројно движење на домашните, странските и вкупниот број туристи во СР Македонија од 1960 до 1984 година

Во годините непосредно по Втората светска војна, во Југославија започнал еден феномен на таканаречен одмор по наредба (Hannes Grandits i Karin Taylor, 2013,55). Властите се обидувале да ги убедат граѓаните за потребата од одмор, кој треба да го поминат надвор од нивното место на живеење. Со таа цел започнале да се формираат одморалишта, кои биле креирани од одредени фирми за потребите на нивните работници. Овој тип на одмор во тоа време бил и единствениот кој мнозинството можело да си го дозволи. Во педесеттите години Југославија започнала да биде препознавана како туристичка дестинација, а самата држава се отвора повеќе кон туристите од Западна Европа.

Ова е делумно и политички мотивирана одлука, поради затегнувањето на односите помеѓу СФРЈ и Источниот блок и несогласувањата помеѓу тогашните автократи Јосип Броз – Тито и Јосип Сталин. Во 1955 година се формира Туристичкиот сојуз на Југославија, на ниво на федерацијата. Токму Туристичкиот сојуз на Југославија, кој за главна задача го има организирањето на пропагандните материјали за домашните и странските туристи, е и издавач на најголемиот број туристички водичи, преку својата Туристичка штампа. Републиките на федерацијата имале и свои локални туристички организации, кои се грижеле за изгледот на важните туристички атракции, подготвувале и печателе пропагандни материјали, како и давале идеи за подобрување на туристичкиот производ. Туристичките водичи кои ќе ги анализираме се пример на оваа организирана дејност.

## Анализа на туристичкиот водич за Охрид од 1954 година




**Фотографија 1.**Насловна страна на туристичкиот водич за Охрид од 1954г

**Наслов**: Охрид и околината
**Автори**: Ристо Кузмановски и Драшко Шаљиќ
**Година на издавање**: 1954
**Јазик на водичот**: Српско-хрватски
**Обем**: 96 страници
**Број на фотографии**: 56, колор и црно бели **Издавач**: Туристичка штампа - Белград

Анализа на содржината:

Водичот за Охрид и околината, напишана од авторите Ристо Кузмановски и Драшко Шалиќ, е водич напишан на еден прозаичен раскажувачки тон. Поделен е на шест дела, од кои првиот е воведен. Во него се насетува начинот на пишување на водичот, уште од самиот наслов Древниот Охрид на езерото, град на убавината, одморот и уметноста (Кузмановски Р., Шалиќ Д., 1954, 6), кој низ еден метафоричен јазик ни предава и важни информации за градот и неговата околина.

Вториот дел е посветен на езерото. Тука имаме поголем број на технички информации, околу надморската височина, длабочината на езерото како и опис на рибниот фонд.

Третиот дел е посветен на градот. Започнува со историјатот на градот, кој ни е претставен од античкото време (VII век пред нашата ера), времето на древиот Лихнидос (античкото име на Охрид). Детално е опишан периодот на прифаќањето на христијанството и времето на доцното римско царство – Византија. Особено внимание е посветено на средниот век, од IX – XV век, бидејќи Охрид во тој период е важен културен, политички и религиозен центар. Тоа е времето на Климент и Наум, создавањето на кирилицата, времето на Цар Самуил и на Охрид како главен град на неговата империја, сѐ до доаѓањето на Турците и потпаѓањето на Охрид под Османска управа, кон крајот на XV век.

Четвртиот дел е посветен на културно-историските споменици. Во овој дел авторите решиле да направат неколку категории на кои ги делат културно-историските споменици според нивната важност, кои ќе ги разгледаме посебно како под-категории.

Во првиот пододдел се наоѓаат Самуиловата тврдина и Св. Панталејмон (комплексот кај Плаошник). Поставени се посебно од останатите културно-историски споменици поради нивната важност и големина. Во овој се дел дава детален опис на местото на наоѓање на спомениците, нивниот историјат, архитектурни специфики. Во описот на Св. Панталејмон, освен основните податоци има и шематски приказ на црквата (според темелите најдени во ископувањата), како и за тогаш постоечката Имарет џамија, која била изградена преку темелите на црквата.




**Фотографија 2.** Извадок од туристичкиот водич

Во вториот пододдел, кој авторите го нарекле Големи задужбини (донации) алудирајќи дека тие културно историски споменици кои треба да ги сметаме за културно наследство од голема важност. Тука, според авторите, припаѓаат црквите Св. Софија и Св. Климент (денешна Богородица Перивлепта). Првата црква е соборниот храм во Охрид, и со доаѓањето на Турците е претворена во џамија. Во неа се зачувани едни од најубавите и најстари фрески во Македонија. Црквата Св. Климент, пак, во себе има извинредно живописен и важен фрескоживопис.

Третиот пододдел се т.н. Мали задужбини. Тоа според авторите се културно историски споменици кои иако имаат голема културно-историска вредност и претставуваат архитектурни ремекдела, сепак се во поголем број и имаат големи сличности помеѓу себе. Имено, затоа авторите решиле да ги постават во посебна група, можеби по малку непопуларно наречена Мали задолжби. Информацијата за овие, пред сѐ цркви е поoскудна, но тие имаат детален приказ за местото на наоѓање и шематски приказ на архитектурата.

Последниот пододдел, четврт по ред, е наречен Останати споменици. Тоа се, пред сѐ, помали цркви, кои се најчесто само набројани.

Петтиот дел е посветен на градската архитектура на градот Охрид, кој е препознатлив по извонредните градски куќи изградени во периодот на XVIII – XIX век. Овој дел е преплетен и со историски осврт на животот во Охрид во тој период, како и со детални описи на одделни архитектурни елементи, урбанизацијата на градот, патната мрежа. Споменати се и некои од најважните охридски фамилии, како на пример Робевци. Во истиот дел посебно место има за резбарскиот занает и уметност, истакнат како еден од најрепрезентативните занаети во Охрид.

Шестиот дел е посветен на околината на Охрид. Централно место во овој дел зазема манастирскиот комплекс Св. Наум, како и селата Пештани и Трпејца. Споменати се и црквите Св. Еразмо и Пресвета Богородица во Заум. Интересно е дека е спомената и некрополата во Требениште, позната по наодите на златните погребални маски. Иако самата некропола не претставува туристички објект, а наодите од истата не се наоѓаат во Македонија, тие се опишани и претставени низ илустрации.

Седмиот дел е посветен на градот Струга, со краток историјат на градот и културно-историските споменици кои се наоѓаат во неговата близина.

Водичот продолжува со дел во кој е наречен Кратки информации, каде што е објаснето како се пристига во Охрид, има карти на авионските линии и патните врски. Дадени се и информации за контакт од поважни објекти. Информации за тоа како да се поминува слободното време, кои се и каде се наоѓаат плажите, каде се организираат игранки. Информации за библиотеките, кино и театар итн.

Водичот ни дава и информација кои се хотелите во Охрид. Во тој момент имало пет хотелско-сместувачки капацитети со вкупно околу илјада кревети. Во Струга имало четири хотели со вкупно 300 кревети.




**Фотографија 3.** Туристички водич на Преспа, од 1958 година

На ова место ќе споменеме дека во 1958 година е издаден и туристички водич за Преспа, но за жал истиот не успеавме да го пронајдеме за да можеме да го анализираме. Единствено што најдовме од водичот е насловната страна која и ја презентираме.

## Туристички водич за Македонија од 1956 година




**Фотографија 4. и 5.** Насловна страна на туристичкиот водич за Македонија од 1956 година




**Фотографија 6.** Првата фотографија во водичот

**Наслов**: Македонија – Туристички водич
**Автори**: Иван Точко, Александар Минчев
**Година на издавање**: 1956
**Јазик на водичот**: Српско-хрватски на латиница
**Обем**: 213 страници
**Број на фотографии**: 50, колор и црно бели
**Издавач**: Туристички сојуз на Македонија




**Фотографија 7.** Сообраќајно-географска карта на Македонија во СФРЈ

Анализа на содржината:

Туристичкиот водич за Македонија од авторите Иван Точко и Александар Минчев е еден обемен водич, со собрана и структурирана голема количина на информации. Структуриран е повеќе како монографија посветена на Македонија, каде што на 213 страници е пренесена историјата, културата, уметноста на Македонија. Водичот генерално може да биде поделен на два дела, општ дел и практичен дел, со неколку видови карти, меѓу кои и сообраќајна и прва туристичка карта на Македонија, дадена во прилог (види: фотографија 7,8,9,10 и 11).




**Фотографија 8.** Насловна страна на преклопна туристичка карта на Македонија




**Фотографија 9.** Предна страна на Туристичката карта на Македонија



**Фотографија 10.** Задна страна на Туристичката карта на Македонија

Станува збор за современ водич за тоа време, со џебен формат (12x16,5), со 40 фотографии во боја и една голема туристичка карта на крајот од водичот. Мислиме дека тоа е првата туристичка карта на Република Македонија.

Во општиот дел на околу 160 страници се дадени многу детали на општиот историски преглед и опис на културно-историските случувања. Тука е испреплетена една низа на историски случувања,

културни случувања и духовни манифестации на македонскиот народ од доаѓањето на Балканскиот Полуостров, со посебен акцент на достигнувањата во сите области по Народноослободителната војна. Дадени се податоци за развојот на Народна Република Македонија, нејзината географија, стопанство, рудното богатство, земјоделството, општествениот стандард, лековитите бањи, спортовите и сл.

Историскиот преглед започнува од периодот на населување на македонските Словени на Балканскиот Полуостров. Потоа продолжува со периодот на Бугарското Царство и Македонија во негов состав. Првиот период на самостојно управување, периодот на Цар Самуил има посебен дел, како и војните на Македонската држава против Византија. Детално е опишан и периодот на турското владеење на Македонија, појавата на револуционерните движења како и периодот на Илинденското востание. Се разбира, голем дел е посветен и на Македонија и учеството на Македонците во Народноослободителната војна и прогласувањето на Социјалистичка Република Македонија.

Општиот дел потоа продолжува со опис на историскокултурните споменици. Структурирано е споделена информација од археологијата, архитектурата, фрескоживописот, писменоста и фолклорот. Описот продолжува со податоци за развојот на тогашната Народна Република Македонија, каде што ни се дадени информации за карактерот на државното уредување, географски особености, климатски карактеристики, стопанство, рудните богатства, животниот стандард на населението, информации за спортот и за бањските лекувалишта во републиката.

Вториот, практичен дел на водичот започнува на страница 163, располага со околу 50 страни кои се поделени во три дела. Овде се поместени податоци за градовите и поголеми селски населби лоцирани на важните патни правци и нивната оддалеченост. Во описите за населбите поместени се податоци за хотели, ресторани, планинарски домови, летувалишта, одморалишта, пансиони, туристички бироа, пошти, бањите, сообраќајната поврзаност, цркви, манастири, како и податоци за Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, плажите, спектаклите и др.

Во овој дел на крајот од Водичот е поместена голема туристичка карта со преклоп. Во картата се дадени три главни рути за движење, што на туристите им овозможува како лесно и

прегледно да ја обиколат територија на државата. Практичниот дел содржи полезни информации за местата кои посетителот би сакал да ги посети, како и кратки упатства и описи на избор од најинтересните места кои што би ги посетиле туристите. Дадени се кратки информации за градовите, со поголемо внимание на Скопје како главен град, и Охрид и Охридско Езеро како најпопуларна туристичка дестинација, но и податоци за Струга, Маврово, Дебарските Бањи, Преспа, Битола, Прилеп, Крушево и други места. Претставени се сообраќајни рути со дадена километража, измерена од Скопје, за тоа колку се оддалечени градовите. Посебен осврт има на трите природни езера во Македонија, кои се туристички дестинации. Дадена е и информација за хотелите во градовите, со контакт и нивниот капацитет.

Туристичката карта во Водичот е во два дела. Во првиот преден дел е претставена цртана туристичка карта на Народна Република Македонија во која се прикажани градските населби и поголемите села, хидрографијата – реки и езера, главната патна мрежа со внесени растојанија во километри, потоа железничката мрежа, планините со нивните височини, цртежи на важни туристички места, локалитети и споменици (цртани знаци за важните цркви, манастири, археолошки локалитети, културноисториски споменици, фолклорни, гастрономски специјалитети – храна, овошје, вино и други мотиви).

Во вториот, заден дел од карта претставен е краток текст за Македонија (Македонија земља југа) на српско-хрватски и француски јазик. Има цртеж на град Скопје – камениот мост со Калето, како и план на централниот дел на Скопје, потоа цртеж на црквата Св. Јован Канео, цртан мотив од Охрид – староградска архитектура, и план на град Охрид. Исто така, нацртана е табела патна меѓусебна оддалеченост во километри на 28 града во НР Македонија (Види: Фотографија 10).

Водичот за Македонија содржи и регистар на спомenатите културно-историски споменици, природни реткости и воопшто термини за нивно полесно наоѓање.

Од нашето истражување и разговор со туристички работици, кои денес се во одминати години, кои во тоа време го користеле Водичот, дознаваме дека истиот бил на располагање во сите туристички агенции во СФРЈ, го имало во многу хотели, бил баран и

бргу распродаван во книжарниците и трафиките, како и тоа дека се користел повеќе години и бил препечатен.




**Фотографија 11.** Фрагменти од туристичкиот водич за Македонија

**Анализа на туристичкиот водич за Скопје, од 1965 и 1970 година**




**Фотографија 12.** Насловна страница на туристичкиот водич за Скопје од 1965 г. на латиница и кирилица

**Наслов**: Туристички водич за СКОПЈЕ
**Автор:** Јован Поповски
**Година на издавање**: 1965 година
**Обем**: 115 страни
**Јазик на водичот**: македонски јазик на кирилица и на српскохрватски јазик на латиница **Фотографии**: 26 црно-бели

**Формат**: Џебен формат, 12 x 16,5 см
**Издавач**: Туристички сојуз на Скопје
**Автори на фотографиите**, Киро Билбиловски, Благоја Дрнков, Александар Минчев, Киро Георгиевски, Ѓорѓе Јанковиќ **Печатено** во печатница „Нова Македонија", Скопје

Анализа на водичот:

Водичот е поделен на два дела, Општ и Практичен дел. Во општиот дел од Водичот на стотина страни поместени се изобилие податоци за град Скопје, и тоа за: географската положба на Скопје, податоци за релјефот, климата, податоци за реката Вардар, дадени се опширни податоци за историјата на Скопје од најстарите времиња до денес, податоци за сите познати споменици во градот и околината. Во водичот ставени се прошетки низ Скопје и околината, како и податоци за туристичките објекти и излетнички места близу до Скопје (Скопска Црна Гора, Водно, Сарај, Матка и Катлановска Бања), но и податоци за подалечни излетнички места (Попова Шапка и Маврово). Во практичниот дел од водичот дадени се податоци за хотели ресторани, кафеани и други корисни информации.

Во 1970 година, издаден е уште еден туристички водич за Скопје. Водичот е помал со 57 страни. Автор на водичот е Александар Минчев; Јазик на водичот е српско-хрватски. Број на фотографии – 50, црно бели и колор. Издавач на водичот е Туристички сојуз на град Скопје и Туристичка штампа – Београд.

Водичот за град Скопје е убаво структуриран туристички водич. Може да се подели на четири дела, кои освен информации за градот, даваат полезни информации и за тогашната СР Македонија.

Прв дел: Првиот дел е наречен општ дел. Во него се дадени основни информации за градот, неговата местоположба, клима, население. Понатаму има информации од економски карактер, во кој е наведено дека повеќе од 60 % од работоспособното население работи во индустриски капацитети. Со тоа се дава на значење на процесот на индустриализација во Македонија, кој довел и до голема миграција на населението. Во овој дел е опишан и историјатот на градот, пред сè од римско време и создавањето на Скупи. Посебен акцент е ставен на периодот по земјотресот, и овде Скопје го добива епитетот Град маченик.

Вториот дел е интерактивен дел на водичот. Тука авторот дава предлог тури, за кои појдовната точка е тогашниот плоштад Маршал Тито (денешен плоштад Македонија). Предложени се три различни рути за градски тури, кои ги опфаќаат најважните точки на градот. Самиот автор истакнува дека, според него најинтересната тура е поставена под ред три, и ја опфаќа Старата скопска чаршија.

Освен овие тури, авторот предлага и посета на природните и културните знаменитости во околината на Скопје. Предложени се четири тури во кои се опфатени кањонот Матка, црквата Св. Панталејмон во Нерези, Марков манастир, Скопска Црна Гора и Катлановска Бања. На овој начин се испромовирани како културноисториските споменици, така и планинарски патеки и бањскиот туризам.

Третиот дел на водичот е посветен на СР Македонија. Даден е краток опис на повеќе од градовите кои би биле од интерес за туристите.

Водичот има дел со важни информации за Скопје, контакт телефони од туристички организации, менувачници, банки, хотели, мотели, кампови, културни установи како и од паркинг простори.

Водичот содржи карта на Македонија со различни рути кои се поврзани со градот, како и голема карта на град Скопје. Од водичот дознаваме дека во периодот на издавање, Скопје имал десет хотели, шест мотели, пет кампа и набројани се седум познати ресторани.

**Анализа на водичот за Дојран од 1971, 1977 и 1979 година**




**Фотографија 13.** Насловна и задна страна на туристичкиот водич за Дојран од 1971 година

**Наслов**: Дојран Туристички водич
**Автори**: Томе Аризанов, Кирил Апостолски

**Година на издавање**: 1971 **Јазик на водичот**: македонски
**Обем:** 38 страници
**Број на фотографии**: 15, колор и црно бели **Издавач**:
Собрание на општина Гевгелија

Анализа на содржината:

Туристичкиот водич за Дојран, од авторите Томе Аризанов и Кирил Апостолски е краток, концизен и прецизен структуриран водич. Првиот дел е посветен на Стар Дојран, и ни ја дава накратко позицијата на градот и неговите главни комуникациски линии со останатите градови. Претставена е климата, географската позиција, хидрографијата. Тука, во делот на хидрографија, освен основните информации, даден е и хемискиот состав на водата. Дојранското Езеро има репутација на езеро со лековита вода, а многу луѓе и денес ја користат калта од езерото како начин за лекување на кожни болести. Претставена ни е историјата на Дојран, стариот и новиот град. Посебен дел е посветен на регионот под Османската управа, од кога и потекнуваат неколку културно-историски споменици. Потоа е претставено револуционерното движење во Дојран и околината, Дојран во Балканските војни и Првата светска војна и, секако, градот и околината по формирањето на С.Р. Македонија.

Потоа следува дел посветен на стопанството на градот, каде што особена важност има езерото и риболовот. Детално се набројани посебните видови риби кои се наоѓаат во езерото, каде што е опишан и риболовот со помош на птиците Корморани како и дојранските мандри.

Во посебниот дел посебно внимание е посветено на ловот и ловното стопанство. Во Дојран, во моментот на пишување на книгата, имало зачуван и голем број загрозени видови на животни, меѓу кои и чакалот – диво куче. Претставена ни е и трговијата во градот. Посебен дел е посветен на бањите и дел за туризмот како стопанска гранка, односно податоци за хотелите и другите сместувачки капацитети. Тука се опишани дојранските плажи, квалитетите на езерото и дадена е и табела со годишните варијации на промена во температурата на водата за 1967, 1968 и 1969 година.

Во 1977 година е издаден туристички водич за автокамповите во Дојран, во издание на ЗИК „Изворски", додека, пак, во 1979 година за Дојран е издаден уште еден туристички водич, од авторот Мито Теменугов – Железни. Водичот е во обем од 48 страни, со колор фотографии и една карта на задната страна од водичот. Издавач на водичот е ЗИК „Изворски" од Богданци.

## Заклучок

Анализираните туристички водичи претставуваат еден интересен обид да се презентираат местата од интерес за потенцијалните туристи. Водичите се различни по структура, но ги поврзува големиот обем на информација. Неколку од нив, како водичите за Скопје, Охрид и секако водичот за Македонија, имаат иновативен пристап во презентирањето на информација. Обидите да се категоризира културното наследство и да се предложат потенцијални можни рути на движење, за потенцијалниот турист да се запознае со местата од интерес за него, претставува еден модерен пристап во пишувањето на туристички водичи и генерално во туризмот.

Особен впечаток дава Туристичкиот водич за Македонија кој повеќе е како монографија за државата, наменет кон читатели кои имаат можност детално да ја планираат својата посета, но количината на информација предадена во него е полезна и за кратки посети на одделни градови. Давањето на информација за раздалеченоста на градовите од главниот град на државата и можните рути на движење поместени во туристичката карта се многу полезни и за луѓе кои транзитно би поминале низ Македонија.

Водичот за Дојран  иако најмал по обем, многу е концизен и прецизен во описите. Самиот тој истакнува квалитети на посетата во Дојран кои би биле од интерес и на специфичен тип на туристи, оние кои бараат и бањски лекувалишта.

Генералниот заклучок е дека сите анализирани водичи допираат конкретни поенти кои би привлекле потенцијални туристи. Ги истакнуваат главните туристички потенцијали на местото кое го претставуваат, даваат многу полезна информација за историјата, географијата, климата на местото. Истакнати се главните културноисториски споменици, во неколку случаи со обемна анализа на истите. Дадени се информации за тоа што да се прави, каде да се

престојува, кои установи може да бидат посетени (киносали, библиотеки, театри).

Генерален заклучок за сите презентирани водичи е дека биле добри презентери во промоцијата на туризмот во тогашна Народна, а подоцна Социјалистичка Република Македонија, и тоа не само кај домашните, туку и кај странските туристи кои транзитирале или престојувале во државата.

**Користена литература**:


1. Кузмановски, Р., Шаљиќ, Д. (1954): „Охрид и околина‟, Белград;
2. Точко, И., Минчев, А. (1956): „Македонија, Туристички водич‟, Скопје;
3. Јован, Поповски (1965), Туристички водич за СКОПЈЕ, Скопје;
4. Минчев, А. (1970): „Скопље, Туристички водич‟, Белград;
5. Аризанов, Т., Апостолски, К. (1971): „Дојран, Туристички водич‟, Гевгелија;
6. Теменугиов – Железни, М. (1979): Туристички водич за Дојран, Богданци;
7. Statistički godišnjak SFR Jugoslavije, 1949-1988. Savezni zavod za statistiku, Beograd;
8. Stankovič, M.S. (1983):Turizam u Jugoslaviji. "Turistička štampa", Beograd;
9. Hannes Grandits i Karin Taylor (Ур.) (2013): Sunčana strana Jugoslavije. Povijest turizma u socijalizmu, Srednja Europa, Zagreb.